**Миле Неделкоски**

**ПОТКОВИЦА НА СМРТТА И НАДЕЖТА**

(фрагмент)

…

17.

По толкуте прочуени води, долови, вирови, извори, бунари и чешми, човек, да си рече дека просторот што го оградува Потковицата плива во вода и дека е таа вистински Елдорадо на барски птици. Што се однесува до водата, во прв ред онаа, за пиење и за потребите на домаќинствата, во Потквицата навистина секогаш, и во најсушно лето, достатно ја има, но не и толку многу за да смее некој да ја растура, или да ја потани. Таа, водата, впрочем како и сѐ друго во Потковицата, беше во строга економија на главите на домаќинствата и на сите од Потковицата. Особено во лето. Човек уште во темни зори можеше да види купови садови за вода (стомни, букари, котли, лонци, грнци, кобли, тенеќии) околу чешмите и во дворовите на домаќинствата стопани на бунари со добра вода. Тоа, навистина, се должеше на смаленото количество на вода во бутарите и чешмите, но и на недостигот на време и на табиетите на редовниците — жените кои во екот на полските работи бидуваа задолжени да се грижат за домаќинствата, за децата и за домазлакот. За да не трпат тие за вода, редовниците буквално се натпреваруваа која попрва ќе се снабди со вода, па уште со темници побрзуваа да зафатат ред на чешмите и бунарите. Но како никогаш и никоја не стигауваше да биде прва, имаа такви, лоши, табиети да се извикуваат и во групи, по две или по три, одеа на вода а таму, на чешмата, или на бунарот, ги оставаа садовите, за да им држат ред, и се враќаа дома си. Па човек, кога ќе видеше толѕку многу садови, собрани на еден куп, навистина со право можеше да си помисли дека водата во Потковицата сосема се дососала. Но тоа беше лажен впечаток. Меѓу нив, меѓу редовниците, постоеше дотовор, а него никој не смееше да го измени, онаа, на која ѝ дошол редот, да биде извишна од таа што налеала вода пред неа. Па така, ред по ред, некаде до осумте часот изутрина, од бунарите и од чешмите ги снемуваше сите садови. Остануваа само кофите и копаничината, а тие и тука севезден си стоеја таму — за да можат, ако им притекне, да се напијат вода старците, децата и намерниците.

Со птиците, пак, и со дивечот во Потковицата во многу нешта и на лошо се изменија работите. Додека дивечот, (волците, мечките, лисиците, зајаците, јазовците, ласиците, смрдулките и куните) зашто нема кој да го прогонува и лоеи, се намножи до загрижување, преку цел ден и преку цела ноќ, страв да те фати слушаш како тулилика, завива, кашла и си ги секне грлата во горите и во полето, птиците, пак, се мисли на барските, (чапјата, норците, галебите, леликаните, кормораните, дивите пајки и дивите

гуски; штрковите, следејќи ги старите највики и стариот инстинкт, сè уште ѝ се верни на Потковицата, населбата на Станкоски Рид и готово ја претворија во колонија на штркови: на покривот на оекоја куќа, на оџакот на секоја напуштена куќа, има направено седело од штрк по мелиорацијата на мртвиците и Блатото, сосема, сосема, се изгубија. За разлика од оние другите, од родот на грабливиците, (орлите, соколите, сојките, ветрушките бувовите, утките, чавките, страчките) па оние од родот на полските, (еребиците, дивите кокошки, дропките, тресопатките, потполошките, белоперките, чурлините, чучурлигите, полските врапчиња, дивите гулаби) па оние од родот на шумските, (кукавиците, пупунците, чукајдрвците) па и оние, слаткопојните, (славеите, трнарчињата, сколовранците, гугутките, сипките и другите) кои ги има плипотници. Се ведат — во населбата-. на покривите на куќите, на таваните, под стреите, во кошарите, во пондилите, во амбарите, во крошните на дрвјата, во ѕидиштата; — во полето: во житјата, по меѓите, на лединките покЈрај патиштата, во ливадите во тревиштата; — по ридиштата: во шумата, на гранките на дрвјата, на голините, во камењарот и спилите. Од нив небото на Потковицата никогаш не е испразнето, нивните страгорења и нивниот цвркот, во пролет и во лето, како водопад се истура во тишината, а таа во себе ги прибира и другите притоки на гласови, оние на жеглаците и жабите, за на зимо, таа, тишината, под високо настожен снег сосема, сосема и сè да поплати. Само ги слушаш, до доцна во ноќта, како тулуликаат волците во горката и како жеравите прелетувајќи ја Потковицата, одат некаде на југ, кликаат јадосано и осамено. Нивните гласови ти мрзнат во ушите, како најдолг и најстуден мразулец, кој ти досигаува до душата и срцето и кој ти ја остинува и крвта и снагата.

Во некое списание, наменето за ловџии, или во весник било, пишувало дека порано, пред што младинските рабоши бригади ги исушиле мргвиците и блатата, во Пелагонија, во Леринско, Битолско и Прилепско Поле, а тоа значи и во Потковицата, живееле над 400 видови птици, но дека сега биле сосема изретчени па се прадлагало, или сами властите предлагале, да се направи некако да се обноват мртвиците и блатата за да се вратат птиците. Со право, ако навистина мислат да направат така. Зашто ништо не се спечали со земјата што се доби со исушувањето на мртвиците и блатата. Неплодна е и необработена, впрочем како и сета земја наоколу од којашто си заминаа луѓето. А со нив, со шиците, може ќе се вратат и тие, луѓето. Зашто сега, кога има толку многу средства за уништување на маларичните комарци и на сите други инсекти, нема да ги коси маларијата, а со враќањето на водите, ќе им се врати и едно цело мало богатство — стопанство во кое тие ништо не вложуваа а имаа голема полза од ловот и риболовот. Мртвиците, вировите, и блатата беа богати со риби — сом, крап, клен, мрена, штука, бојник, јагула, — а врбаците, шамачиштата и ливадите со барски птици. Просто човек во пролет, кога се ведеа дивите пајки и дивите гуски, требаше да внимава кај гази низ ливадите за да не настапи на некоја оеделка. Навечер воларите се враќаа со полни капи јајца од диви пајки и од диви гуски, а во неделите и празничните денови луѓето со кошници тргнуваа низ Бетовски ливаѓе за да собираат јајца.

Воопшто, Потковицата беше прочуено ловиште. Особено помеѓу двете големи војни, тие, ловџиите, беа вистинска напаст за Потковицата. Српските главешини од Прилеп и од Битола, некогаш заеднички, некогаш само едните или само другите, организираа лов на дивеч и птици во Потковицата. Со џандари, со ’ртки, со загари и со некои нашинци, лижигазовци, оттаму, од Прилеп и од Битола, ќе клапнеа уште одвечер во населбата и ќе им заповедаа на редовниците да им приготват убави вечери — питулици, мазници, зелници, печени кокошки, пресни погачи, чомлеци и јании, откако ќе се накркаа, ќе се налокаа вино и ќе се акнеа да спијат во гостинските одаи, за таа цел, за нивното доаѓање, предвреме напрашени за од страна на болви, вошки и други инсекти. А наредниот ден, уште со темница, ќе се растрчаа по ридиштата низ шумата, во полето низ житјата, ливадите и бавчите, и ти цел ден има да си слушаш пукотници, ловџиски рогови, лавеж на ’ртки и загари, а приквечер, пред зајсонце, со полни раници убиени диви животни и птици, преку рид се опуштаа кон старата железничка станица и оттука со воз си заминуваа, јали во Прилеп јали во Битола.

Господе, какво погано време беше тоа, и какви погани луѓе беа тие. Ти се чинеше намерно сè убиваа, сè изгазуваа и уништуваа. И не настрадуваа само житјата и бавчите, туку и овчарските кучиња: ќе се здавеше некој овчарски пес со нивните, со ’рткиите и со загарите, а тие ќе го земаа на нишаи со пушката и наместо мртов ќе го оставеа. Во секој таков лов, по неколку кучиња од жителитс на Потковицата бидуваа убиени.

Но остана за чудење во врска со нив, со птиците, тоа што жителите на Потковицата, освен еребиците, дропките, тресопатките, дивите пајки и дивите гуски, другите не ги ловеа и не ги убиваа. Посебно не грабливиците. За нив, за грабливиците, кога ќе пцојсаше некој скот, така речи приредуваа вистински гозби. Ке му ја одереа кожата на пцојсаното а мршата ќе ја однесеа во Гробница. Тоа е прилично голема ледина, околу наоколу оградана со длабок ендек. Се најдува неколку километри потаму од јужниот ѕид на имотот Акиноски, зад Зедница, веднаш под Драмчески Ливади. Во неа никој немаше пристап, дури ни кучиштата. па мршојадците на мира се гоштеваа. Грев беше да се убие птица, убиството на птица беше изедначено со злостор. Птицоубијците беа сметани за најбездушни и најбезгревни створови, тие беа најпрезрени и најомразени во Потковицата. Од грижа за моралното и менталното здравје на децата, уште од мали нозе ги воспитуваа, поточно ги заплашуваа, да не убиваат птици: Ќе ти умре мајка, некој од најмилата рода, ќе онемееш, ќе селепиш, ќе ти се фатат рацете и нозете ако убиеш птица. Ги ловеа и ги убиваа, и тоа само во врска со божиќните празници, врапците. Тоа беше колку примитивен голку и ритуален лов на врапци. Во време на божиќни пости, во студените и куси доцнадекемвриски вечери, кога врапците, навечер, ќе се сплотеа во копите и под стреите, домаќинствата тргнуваа да ги ловат. Ловиштето го покриваа со веленце и тивко, за да не ги возбудат врапците, за сокого од домаќинството уловуваа по еден. Уловените врапци ги гнетеа в пазуви и со орeќниот улов се враќаа дома. Во Гостинската одаја, околу веќе добро разгорениот пампур се

распоредуваше челадијата и домаќинот почнуваше да им ги кине главите на врапците. Потоа, откако ќе ги потопеше во водата што вриеше на пампурот во бакарен сад, ѝ ги предаваше на домаќинката. Таа, пак, ги кубеше, ги опрлуваше на огнот во пампурот, потем ги печеше на жарот. Така спремените врапци ги складираа во качиња со сало. На прв ден Божиќ пред да отидеа в црква и пред да се омрсеа, оекој од домаќинството добиваше по едно врапче. Тоа беше некој вид принесување жртва во слава на Христовото рождество.

Тогаш, за божиќните празници, допуштено беше да се улови и убие и најсветата птица, гугутката, или уште како што ја викаат во некои Пелагониски краишта, во Леринско, галицата. Убиената гугутка на ист начин, како и врапците, се приготвуваше за божиќната жртва. Но зашто беше допуштено да се убие самс една птица, секој од домаќинството добиваше само по едно парченце од неа: децата ги делеа крилцата, мажите и најстарите синови копанчињата, а жеиоката челад белото месо.

18.

Бидејќи и така нередовната и трапава администрација на завојувачите страдаше во честите војни, пожари и грабежи, ни архивите на двата најблиски града, Прилел и Битола, не располагаат со податоци за тоа кога е основана сегашнава населба во Потковицава — најпрвин, со стариот дел, во Загориче, односно во Дупка, а потоа, со поновиот, на падините на Станкоски Рид, односно на падините на Горник. Поправо, податодите што ги пружаат споменативе архиви се такви што само поттураат една помисла дека основањето на населбава се паднало одамна пред нив, одамна пред да настанат и да започнат да суштествуваат разните облици на администрирање. Загориче како од бога да сило создадено уште во првиот ден на постанокот на светов, и од него, од бога, чувано и исчувано низ вековите. Зашто, како инаку да се објасни, ако не со славата и милоста божја, фактот што, ако веќе во Потковицата постоела некаква населба во 12. век, кога Европејците, крстоносците на Боемунд Тарентски, го уништиле Градиште, не ја уништиле и неа? Кои биле нејзините жители, ако веќе биле, постоеле? Божји избраници и заштитени со негоеиот знак, или, можеби, овоземни суштества, лукави политичари и храбри мажи, кои, приклонувајќи се кон различните завојувачи и борејќи се прикриено против сите нив успеале да си ја дочуваат својата населба и својата самобитност?

Ова, последново, изтледа е точно, сета следователна историја на Потковицата на тоа упатува.

Во старите попиони книги на населението и имотот, во тевтерите на воените и даночните обврзници, па во хрисовулите на византиските императори, Потковицата се споменува како феуд или црковен посед, а во ферманите на турските султани,

испраќани во врска со собирањето на даноците, со ајдутите, со побуните и казнетите експедиции, како султански имот, Хас чифлиг, под името Загориче, кој, најверојатно, зашто се најдува точно на границата помету Битолско и Прилепско Поле, во различни времиња потпаѓал под управа де на едниот де на другиот град, но за луѓето кои живееле тука, за нивната раса, религија и бит ништо не се споменува.

А дека сегашиве жители на Потковицата не се потомци на становниците на некогашната древна населба Градиште, освен нив самите, зборува уште и нивната психофизичка конституција: високи се, русокоси, недоверливи. Во нивниот бит, во нивните меѓуоебни општења, во верската традиција и празнувањата, многу нешто се задржало од паганските славјански времиња Се поздравуваат со Дај Бог, често се крстуваат со Перун и Митра, во нивна чест, во чест на овие старославјански божества, садат перуника и ги виткаат портите, вратите и прозорците на куќите со зеленило. Во војска, или на далечни патувања, се испраќаат со оедење пред разделбата. Инаку се и големи талкачи; талкаат со говедата, со овците, низ полето, ливаѓето и по ридовите; талкаат, ловат и риболоват, во Црна, во мртвиците. во Блатото, а поледелието и сточарството, иако им врват одлично, повеќе ги сметаат за нужности на поминокот и поводи за празненства, додека становниците на Градиште, судејќи според она што останало по нив за да сведочи за нив, кованите пари, керамиката, разните украсни предмети од железо и преданијата, кои сегашниве жители на Потковицата, чувајќи ги и пренесувајќи ги од колено на колено, ги измешале до непрепознатливост, морале да бидат воини и инородци. Настанети на Чауле, заради прегледноста, бездруго имале задача ако не за да пазат на патот од Стоби и Хераклеја, тоа себеси да се пазат од честите завојувачи кои, по него, по патот, нагрнувале на југ, спрема Битола и спрема Солун, и оттаму, по Виа Егнација и по море, спрема Азија. Но според понапред раскажаните преданија, ете, не успеале и да се испазат.

Но сосема е можно, според археолошките ископувања, Градиште да било некогашната римска населба Ќерамеја, која на Табула Пунтегеријата е впишана на патот од Стоби за Хераклеја, но која во големата преселба на народите исчезнала. Според тоа, гревот за уништувањето на Градиште, ако постоело, може да падне и на душите на одамнешните претци на денешниве жители на Потковицата. Од историјата познато е, славјанските натрапници на Балканот немале нежен однос спрема старрседелците.

Оттука, во отсуство на штогоде релевантни податоци за основањето и карактерот на населбата во Потковицата, и воопшто, за раната историја ва Потковицата останува да се потпреме на она што сегашниве нејзини жители го кажуваат за себе, за некогашните и единствени господари на Потковицата, до нејзиното завојување од страна на Турците, а кое, сегашниве жители на Потковицата тврдат до нив допрело од нивниот тефтер, од тевтерот на господарите на Потковицата — Акиноските.

Уште одамна, уште не-знам-од-кога пред да ја завојуваат Турците, Потковицата ја поседувале Акиноските — пишувало во тевтерот. Нивното господство се простирало

далеку надвор од неа, го покривало целиот денешен синор на Потковицата. Биле тие прилепчани, инаку Славјани, инаку учени луѓе, болјари, свештеници и трговци распронати по манастирите и градиштата низ целата Византиока империја. Нивните врски, преку Солун, допирале до царскиот двор во Константинопол. Меѓутоа, прв кој се споменувал во пишаните документи што се однесувале на Акиноските, односно во нивниот тевтер, бил некојси Григорие. Зашто бил Славјанин и оженет исто така со Славјанка, некоја си Митра од тамошните, солунските, села, во една побуна протин византиските ослунски управувачи, се ставил на чело на Митрините соплеменици, а по поразот се склонил овдека, во Потковицава. Митрините, денешниве Митровци, ги.населил во Загориче, односно во Дупка, а сам, со потесното семејство, се прибрал на имотот.

Ова кажување упатува, главно, на 14. век. Од тоа време на историјата познат ѝ е еден Григорие — Григорие Акиндин, визаитиски висок црквенодостојник и христијански филозоф. За него се знае дека бил прилепчанец и дкеа ги предводел зилотите против исихастите, против исусовците на Григорие Палама, на него упатува и името на стопаните на Имотог, Акиновци, за кое може да се претпостави дека откако се ослободило од грцизираната форма — Акиндин, по пат на скратување и со испаѓање на интервокалното в — за кое, пак, денешнава македонска јазична наука смета дека било наложено од бугарските, односно од српските презимиња: Акин-ДОВ, Акин-НОВИЌ, ја добило денешнава чисто македонска форма Акин-ОСКИ. Но сѐ друго, како она дека бил оженет со некоја Митра, дека ги предводел побунетите славјански селани против византиските и солунските господари, и дека токму тој, односно, ја основал населбата во Потковицата и бил прворoдсвтеник на Акиноските, си противречи со сѐ што досега знае историјата за Григорие Акин-дин:

„ ... По него (по Варлаам) во Византија се појавил неговиот ученик Григориј Акиндин, кој иако јавно кажал дека не се сложува со Варлаам, трудовите го прикажуваат како апсолутен негов приврзеник и истомисленик. Акиндин е веројатно вториот мошне значаен Словен, кој по Климент Охридски успеал да стане познат во Византија, а и во соседните земји. Како и други Словени кои своето образование имале можност да го добијат во Византија, се школувал во Солун, каде што се собирале познати личности. Таму се заповнал со учењето на Григорие Палама, Никола Кавасилас, Никифор Калист, калабриецот Варлаам. Меѓутоа, Акиндин бил и под силно влијание на филозофијата на Тома Аквински. По престојот во Солун Акиндин заминал во Цариград и станал монах. Под влијанието на Варлаам и на западната сколастика, Акиндин истапил во Цариград против исихастите и бил свикан нов собор.

Во дискуоијата Акиндин истапил и пројавил рационалистички стремежи и очигледно е дека ја прифатил Аристотеловата филозофија. На негова страна биле патријархот Јован Калекас и царицата Ана Савојска, кои се придржувале кон поумерениот правец, наспроти на исахиатите. И тој (Акиндин) се застапувал за спознавањето на бога преку

разумот, за разлика од платоничарите (исихастите) кои на срцето и на чувството им давале предност. Но, и покрај напредниот рационалистички дух на Акиндин и неговата расправа (како онаа на Варлаам, во 1330-та) завршила со победа на Палама — поради религиозната основа на византиското општество, во кое иоихастичкото учење имало силна превласт, а и поради политичките и општествените прилика воопшто.

Соборот на кој полемизирал Акиндин бил свикан во 1341, а веќе во 1352 Варлаам и Акиндин биле мртви. Уште пред смртта, во 1351 година и двајцата биле отфрлени од црквата како еретици и потоа анатемисани ...”

Очигледно, ништо во врска со Потковицата. Овдека, во Потковицата, не постои предание дека тој, прверодственикот Акиноски, е закопан тука некаде, такво нешто немало запишано ни во тефтерот Акиноски, а и науката не располага со податоци каде му се најдува гробот на Гриторие Акиндин. Но имајќи го во вид фактот дека тој починал цела половина век пред да ја завојуваат Турците Потковицата, а и она, со тефтерот Акиноски, дека неа ја поседувале Акиноските ушге одамна пред да биде завојувана од страна на Турците, може да се претпостави дека Загориче било основано во првите векови по населувањето на Славјаните во границите на Византија, може во 10. или 11. век, односно многу порано од она што го тврди науката дека пелагониските населби и села настанале во 17. и 18. век. групирајќи се околу турските чифлизи.

На тоа упатува, покрај тефтерот Акиноски, и последниот пишан документ во кој населбата во Потковицата за последен пат се споменува со старото име — Загориче. Датира од 18. век, а тоа е авгобиотрафијата на Ѓуркина Кокалески — го зедов Спасета од Прилеп и отидов во Загориче. Од овој, од Ѓурчиновиов податок, покрај горниот заклучок, може да се изведат уште и следниве два:

Дека Заториче при крајот на 18. и почетокот на 19. век сѐ уште била мала населба — прво или, пак дека — второ — иако во меѓувреме нараснала, си го задржала старото име. Зашто во сите пишани документи наваму се споменува со новото, со сегашново — Загорани. И во двата случаи името на населбата укажува на место отаде горага, зад гора. Но со испаѓањсто на д-то и со спојување на предлогот и именката се добивала сложенката Загориче, односно Загорани.

…